доц. д-р Љупчо Стојковски[1]

# ПРИНЦИПОТ НА ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ ВО МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО И ОПЕРАЦИЈАТА „ЗАШТИТЕНА ГРАНИЦА“

УДК: 327.5(569.4-076)
341.322
341.33/.34
1.03 Кратка научна статија

## Резиме

*Израелско-палестинскиот конфликт е повторно во центарот на светските случувања. Лансирањето на Операцијата „Заштитена граница“ од Израел во појасот Газа отвори многу полемики и обвинувања во врска со почитувањето на меѓународното хуманитарно право при нејзиното изведување. Едно од обвинувањата е и тоа дека при операцијата не е почитуван принципот на пропорционалност во меѓународното хуманитарно право – дека во голем број случаи, колатералната штета која настанала од нападите е несразмерна со воената предност која е стекната со истите. Во овој труд се разгледува токму принципот на пропорционалност од теоретски аспект, но и неговото (не)почитување во Операцијата „Заштитена граница“.*

Нерешеното израелско-палестинско прашање деновиве е повторно во центарот на вниманието на светската јавност. Како и досега, тоа се случува кога насилствата ќе се интензивираат и крвопролевањето ќе порасне. Повеќедеценискиот проблем со години оди само во надолна линија, а неодамнешните судири одново ја потсетуваат меѓународната заедница дека треба поинтензивно да се ангажира во изнаоѓање на решение на проблемот. Едноставно занемарување на овој проблем или пак единствено посредување на договори за прекин на огнот и примирје се недоволни. Но, предмет на овој труд нема да биде самиот проблем и евентуални предлози за негово разрешување. Овој труд ќе се занимава со неодамнешните воени судири, посебно израелската Операција „Заштитена граница“ (Operation Protective Edge) и евентуалните повреди на меѓународното хуманитарно право, особено принципот на

1 Доцент, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

пропорционалност, при нејзиното изведување.

*Конфликтот од 2014 година*

Пред одново да се интензивираат насилствата во јули оваа година, на сила беше примирјето склучено помеѓу Израел и Палестинците од појасот Газа од ноември 2012 година, кога беа последните поинтензивни насилства. Во примирјето, *inter alia* беше договорено дека Израел треба да ги запре сите воени операции во појасот Газа (Операцијата позната како „Столб на одбраната" – Pillar of Defense), сите палестински фракции во појасот Газа (Хамас и др.) треба да ги запрат насилствата кон Израел вклучително и нападите со ракети и нападите на границата со Израел, а беше предвидено и отворање на граничните премини кон Газа и непречен трансфер на луѓе и добра кон и од Газа.[2]

Примирјето беше почитувано колку и сите други досега – со голем број ситни прекршувања и меѓусебни обвинувања за тоа кој прв сторил повреда на договорот. Но, и други фактори одиграа улога во најновото разгорување на насилствата. Имено, Израелската влада уште од крајот на 2013 година ја алармираше светската јавност дека голем дел од градежниот материјал кој влегува во Газа, се користи за градење на подземни тунели, кои тунели одат под границата и навлегуваат во Израел, од каде се користат за извршување на терористички напади. Заради ова, Израел одлучи да го запре трансферот на градежен материјал во Газа.[3] Во меѓувреме, кон крајот на април 2014 година, по седумгодишна поделеност, главните палестински партии Фатах, која владее во Западниот Брег, и Хамас, која го контролира појасот Газа, се обединија и оформија привремена заедничка палестинската влада на чело со Махмуд Абас. Меѓународната заедница го поздрави ваквиот чекор и покажа спремност да соработува со оваа влада доколку истата се залага за изнаоѓање на мирно решение на израелско-палестинското прашање и го поддржува постоењето на Израел како држава, односно работи во насока на решение кое опфаќа постоење на две држави.[4] Меѓутоа ваквото палестинско обединување не наиде на позитивни реакции кај израелската влада која го осуди потегот и го окарактеризира како штетен за мировниот процес, затоа што според израелската позиција, во таквата палестинска влада има терористи (Хамас) кои не го признаваа постоењето на Израел како држава и се приклонуваат кон насилство. Уште повеќе, Израел не само што одлучи дека нема да преговара со терористи, туку и воведе некои

---

2 *TEXT: Ceasefire Agreement between Israel and Palestine*, достапно на http://www.haaretz.com/news/diplomacy-defense/text-cease-fire-agreement-between-israel-and-hamas.premium-1.479653.

3 *IDF blames Hamas for 'terror tunnel' from Gaza to Israel*, достапно на http://www.timesofisrael.com/hamas-terror-tunnel-found-running-from-gaza-to-israel/

4 *International community welcomes Palestinian unity government* достапно на http://www.jpost.com/Diplomacy-and-Politics/EU-says-open-to-working-with-Palestinian-unity-government-355252

репресивни политики како одговор на палестинското обединување.[5]

Конечно, настанот кој веројатно ја прели чашата, беше киднапирањето на трите израелски тинејџери во Западниот Брег. Набргу потоа, под уверување дека Хамас стои зад киднапирањето, Израел ја лансираше Операцијата „Чувар на браќата“ (“Brother’s Keeper”) во Западниот Брег, во потрага по одговорните. Речиси три седмици по Операцијата, која заради репресивноста со која беше спроведена, Амнести Интернешнл и некои други НВО-а и експерти за човекови права ја окарактеризираа како колективна казна кон Палестинците[6], телата на тинејџерите беа пронајдени. Веќе следниот ден по нивното погребување, палестински тинејџер беше претепан до смрт, од израелски екстремисти.[7] И иако подоцна се покажа дека Хамас не е директно одговорен за киднапирањето и убиството на трите тинејџери[8], магичниот круг на насилство и зголемена омраза повторно беше отворен. Многу брзо по сето ова, по неколку изолирани воздушни напади од израелска страна и неколку минофрлачки истрели и испукувања на ракети од палестинска страна, на 8 јули 2014 година Израел ја започна Операцијата „Заштитена граница“.

Операцијата опфати воздушно бомбардирање, но и испраќање на копнени трупи во појасот Газа, со цел да се уништат упориштата на борците на Хамас, складовите со оружје и тунелите кои се користат за инфилтрација и тероризам во Израел. Според израелските одбранбени сили, Израел успешно погодил над 5.000 цели во Газа, биле уништени над 3.000 ракети и 32 тунели на Хамас.[9] Хамас константно возвраќаше со ракети кон територијата на Израел (според израелската армија бројот на тие ракети е 3.515). Иако Израел повлече најголем дел од своите трупи од Газа на 3 август 2014 година и насилствата моментално се запрени како резултат на двата последователни 72-часовни примирја, сè уште е неизвесно дали насилствата се конечно запрени или ќе продолжат наскоро. Епилогот од досегашниот тек на насилствата е следниот: околу 2.000 жртви од палестинска страна, од кои 50 (според израелски проценки) до 80 % (според палестински и проценки на некои меѓународни организации) од жртвите се цивили и околу 250.000 се раселени.[10] Според ОН и

5 *Palestinians form consensus government* достапно на http://www.aljazeera.com/news/middleeast/2014/06/palestinians-set-swear-unity-government-20146281348223961.html

6 *Abducted Israeli teens must be released, Israel must cease collective punishment of Palestinians*, достапно на http://www.amnesty.ie/news/public-statementabducted-israeli-teens-must-be-released-israel-must-cease-collective-punishment

7 *Six Jewish extremist arrested in killing of Jerusalem teen,* достапно на http://www.timesofisrael.com/suspects-arrested-in-killing-of-east-jerusalem-teen/

8 *It turns out Hamas might not have kidnapped and killed the 3 Israeli teens After All*, достапно на http://nymag.com/daily/intelligencer/2014/07/hamas-didnt-kidnap-the-israeli-teens-after-all.html

9 *Gaza by numbers: Death toll rises above 2000,* достапно на http://www.naharnet.com/stories/en/143762-gaza-by-numbers-death-toll-rises-above-2-000

10 Ibid. Различните бројки и различната квалификација на жртвите се резулат пред сè на различниот третман за тоа кој претставува борец, т.е. кој зема директно учество во непријателствата.

нејзината Канцеларија за хуманитарни работи, околу 9.000 палестински домови биле целосно, а други 8.000 биле сериозно оштетени. Вкупно 230 училишта и 43 болници биле уништени, а слична била судбината и за единствената електрана во Газа, околу 360 фабрики, и водоснабдувачката инфраструктура.[11] На израелската страна, биле убиени 64 војници и 3 цивили, во јужните делови на Израел близу границата со Газа еден период имало внатрешно раселени лица (околу 8.000), а имало и некои помали оштетувања на инфраструктурата. Очигледниот дисбаланс се должи на огромната воена супериорност на Израел, но и на системот „Железна купола" (Iron Dome), со помош на кој Израел успеа навреме да пресретне, а со тоа и уништи, голем дел од ракетите на Хамас испукани кон разни дестинации во Израел.

Употребата на воена сила во овој период од двете страни го отвори прашањето за нејзината легалност согласно меѓународното право. Прашањето може да биде разгледувано од ius ad bellum аспект, и да го опфати и правниот статус на повеќедецениискиот конфликт. Сепак, во овој труд ќе биде разгледувано само почитувањето на ius in bello правилата, посебно принципот на пропорционалност. За целиот овој период, доста гласни беа обвинувањата особено кон Израел за непропорционална употреба на сила. Главно, преовладуваат две насоки во кои се движи критиката.

Судејќи само според горните бројки, гледани изолирано и надвор од контекст, некои коментатори побрзаа да ја означат израелската акција како непропорционална, како несодветен одговор на моќта и капацитетите на Палестинците (Хамас), па затоа ја осудија истата и побараа нејзино запирање. Нивната теза е дека ваквиот непропорционален воен одговор и огромниот број цивилни жртви на палестинска страна е очигледен показател за мотивот на израелската влада, а тоа е одмазда кон палестинскиот народ за убиството на тројцата тинејџери, а не уништување на наводната новоизградена терористичка инфраструктура. Ова гледиште (веројатно во комбинација со окупацијата и блокадата над палестинските територии кои Израел ги спроведува речиси 5 децении) беше доминантно на социјалните мрежи, а и на поголем дел од светските медиуми. Но, од аспект на меѓународното хуманитарно право, ваквиот став е погрешен. Од аспект на меѓународното хуманитарно право, пропорционалноста претставува нешто сосема друго и се оценува на сосема поинаков начин од тоа колкав е вкупниот број жртви и колкава е штетата на двете страни. Втората критика насочена кон непропорционалната употреба на сила од страна на Израел, беше токму од аспект на меѓународното хуманитарно право и истата ќе биде разгледана во делот што следи.

11 Ibid; *Initial assessments: 360 factories damaged during Operation Protective Edge,* достапно на http://gisha.org/updates/3350; *Water officials in Gaza: 40% of the population with no access to running water,* достапно на http://gisha.org/updates/3363;

*Пропорционалноста и меѓународното хуманитарно право*

Заедно со принципите на воена потреба, хуманост и дистинкција, принципот на пропорционалност е еден од четирите основни принципи на кои почива меѓународното хуманитарно право (МХП). Принципот на пропорционалност како што истиот се подразбира и употребува во меѓународното хуманитарно право, треба да се разликува од принципот на пропорционалност во меѓународното јавно право (ius ad bellum) – како пропорционална употреба на сила во самоодбрана во согласност со членот 51 од Повелбата на ОН од една страна[12], но и од принципот на пропорционалност во казненото право – сфатен како обврска на органите на принуда во една држава во ситуации во кои не се применува меѓународното хуманитарно право, да проценат дали и во колкава мера треба да употребат сила за да се справат со ситуацијата.[13]

Улогата на принципот на пропорционалност во меѓународното хуманитарно право пак, заедно со забраната за мерките за минимизирање на цивилните жртви и забраната за индискриминирачки напади, е клучна за степенот до кој цивилите и цивилните објекти уживаат заштита од колатералните ефекти на вооружените судири. Освен цивилите, принципот ги опфаќа и борците, при што забранува употреба на методи и средства на војување кои предизвукуваат прекумерно и непотребно страдање.[14] Историски гледано, корените на принципот можат да се лоцираат во Кодексот Либер од 1863 година, каде само било напоменато дека случајна и неизбежна колатерална штета е дозволена само доколку истата е резултат на некоја воена потреба.[15] Понатаму принципот доживува развој низ неколку други позначајни инструменти како што се Св. Петербуршката декларација од 1868 година, 4-та Хашка конвенција од 1907 година, а и никогаш формално усвоените, „Правила на воздушно војување“ од 1922 до 1923 година. Сепак, покрупен чекор кон зацврстување на заштитата која се ужива во време на војна и на идејата дека дури и ако некои цели се окарактеризирани како воени, тоа не значи дека може да настрадаат и цивилни цели во неограничен број, настанува по Втората светска војна и Повелбата на ОН, најпрво преку „Нацрт-правилата за лимитирање на опасности на кои е изложена цивилната популација во време на војна“ од Меѓународниот комитет

12 За овој аспект на пропорционалноста види повеќе кај Judith Gardam, *Necessity, Proportionality and the Use of Force by States,* (Cambridge University Press, 2004) стр. 1–57.

13 Jason D. Wright, *‘Excessive’ ambiguity: analyzing and refining the proportionality standard,* International Review of the Red Cross, vol.94, no.886, summer 2012, стр. 826, достапно на http://www.icrc.org/eng/assets/files/review/2012/irrc-886-wright.pdf,.

14 Judith Gardam, *Necessity, Proportionality and the Use of Force by States,* стр. 15, 16.

15 Jason D. Wright, *‘Excessive’ ambiguity: analyzing and refining the proportionality standard* стр. 834.

на Црвениот Крст (МКЦК) во 1956 година, па сè до Дополнителниот протокол I од 1977 година.[16]

Дополнителниот протокол I е меѓународен договор кој ги регулира меѓународните вооружени конфликти, а кој е ратификуван од 174 држави. Израел не е држава-страна на договорот. Меѓутоа, во поглед на одредбите со кои е уреден принципот на пропорционалност, постои практично консензус дека истите претставуваат обичајно меѓународно право.[17]

*Кога еден напад е пропорционален?*

За да одредиме кога и дали еден напад е пропорционален согласно ius in bello правилата, треба претходно да дадеме одговор на две други поврзани прашања, а тоа се: „Што претставува напад?" и „Кој и што може да биде предмет на напад?"

Според член 49, ст.1, под „напад" се подразбираат „акти на насилство против противник, било да се офанзивни или дефанзивни".[18]

Што се однесува до прашањето кој може да биде предмет на напад, одговорот е во член 52, ст. 2 од Дополнителниот протокол I:

> „нападите ќе бидат ограничени строго на воени цели. Што се однесува до објектите, воените цели се ограничени на оние објекти кои по својата природа, локација, намена или користење ефективно придонесуваат за воената акција, и чие целосно или делумно уништување, заземање или неутрализација, во околностите што владеат во тоа време, даваат определена воена предност."[19]

Забранети се директни напади кон цивили и цивилни цели како и недискриминативни напади (чл. 51 ст. 4, чл. 51 ст. 5 (а)). Освен ова, членовите 50 став 1 како и 52 став 3, предвидуваат во случај на сомневање дали едно лице или објект (храм, куќа, живеалиште, училиште и сл.) е цивил, односно се користи за цивилни потреби, ќе треба да му се даде таков статус. Исто така, доколку помеѓу цивилното население се наоѓаат лица кои не се опфатени во дефиницијата за цивили, тоа не го лишува населението од неговиот цивилен карактер (чл. 50 ст. 3).

16 Judith Gardam, *Necessity, Proportionality and the Use of Force by States,* стр. 86–92.

17 Ibid, стр 109; Marco Sassoli, Antoine A.Bouvier, Anne Quintin, *How does Law Protect in War? Volume I- Outline of International Humanitarian Law,* (International Committee of the Red Cross, 2011), стр. 158; Jason D. Wright, *'Excessive' ambiguity: analyzing and refining the proportionality standard*, стр. 833, 836. Потврда за ова се и широко прифатени правила на МКЦК за обичајно меѓународно хуманитарно право, особено правилата 1–24.

18 Дополнителен протокол I од 1977 година на Женевските конвенции од 1949 година, чл. 49.

19 Ibid, чл. 52.

Сите овие горенаведени одредби се одраз на принципот на дистинкција. Во практика тие значат дека се забранети дејствија како: „пукање на слепо", фрлање на бомби без нишанење и претходна идентификација на целите, како и непрецизно лансирање на проектили кон воени цели кои се лоцирани во цивилна област.[20] Откако, согласно овој принцип, ќе се определи кои се легитимни цели на напад, а пред да се изврши нападот, треба да се провери дали истиот го поминува тестот на пропорционалност.

Пропорционалноста е опфатена со членовите 51 став 5(б) и членот 57 од Протоколот. Според овие членови, непропорционален се смета оној напад,

> „од кој може да се очекува да предизвика попатни загуби на цивилни животи, повреди на цивили, штети на цивилни објекти или комбинација од овие дејства, кои би биле *несразмерно* големи во однос на предвидената *конкретна и директна* воена предност."[21]

Дополнително,

„(а) оние кои го планираат или одлучуваат за нападот се должни:

(i) да преземат сè што е можно за да проверат дека целите што ќе ги нападнат не се ниту цивилни ниту цивилни објекти и не се опфатени со посебна заштита, туку се воени цели во смисла на членот 52 став 2 и дека не е забрането со одредбите на овој Протокол да се напаѓаат;

(ii) да ги преземат сите можни мерки на претпазливост при изборот на средствата и методите за напад за да се избегнат и во секој случај да се сведат на минимум, случајни загуби на цивилни животи, повреда на цивили и оштетувања на цивилни објекти;

(iii) да се воздржат од одлука да преземат некој напад од кој може да се очекува да предизвикува случајни загуби на цивилни животи, повреда на цивили, оштетување на цивилни објекти или комбинација на тоа, кои би биле *несразмерно* големи во однос на предвидената *конкретна и директна* воена предност;

(б) нападот ќе биде откажан или прекинат ако стане јасно дека целта не е воена или дека е опфатена со посебна заштита, или дека може да се очекува нападот да предизвика случајни загуби на цивилни животи,

20 Yoram Dinstein, *The Conduct of Hostilities Under the Law of International Armed Conflict*, (Cambridge University Press, 2004), стр. 118.

21 Дополнителен протокол I, чл. 51.

повреда на цивили, оштетување на цивилни објекти или комбинација на тоа, кои би биле *несразмерно* големи во однос на предвидената *конкретна и директна* воена предност;

...

3. Кога е можен избор помеѓу неколку воени цели за добивање на слична воена предност, ќе се одбере онаа цел кај која се очекува нападот да предизвика најмала опасност за животите на цивилите и за цивилните објекти.“[22]

Преку вака изложената регулатива се добива јасно на знаење во која насока треба да бидат изведени правно дозволените воени акции, но за да можеме да го применуваме принципот на пропорционалност во практика, потребно е да дадеме одговори на три клучни прашања кои се наметнуваат од одредбите кои го сочинуваат овој принцип:

1) што претставува „конкретна и директна“ воена предност, која се антиципира при еден напад?

2) што претставува „несразмерна“ колатерална штета?

3) кој и како ја врши проценката на погорните две прашања?

Секако, различни правни и експерти инволвирани со меѓународното хуманитарно право, даваат различни одговори на овие прашања. Едно од најавторитативните е секако мислењето на МКЦК. Според Комитетот,

„изразот „конкретна и директна“ воена предност има намера да покаже дека предноста за која станува збор треба да биде суштинска и релативно блиска (временски – Љ.С.), и дека предности кои се тешки за перципирање и оние кои единствено би се појавиле на долг рок, треба да се занемарат.“[23]

Меѓутоа, некои автори не се сложуваат со ваквата интерпретација. Според нив, ваквото толкување го набљудува нападот како изолирана акција, а не како дел од целокупната воена операција, што може да биде проблематично од воен аспект. Тоа е проблематично бидејќи во модерното војување, остварувањето на една единствена стратешка цел може да треба да се стори со изведување на

22 Ibid, чл. 57.

23 Commentary on The Additional Protocols of 8 June 1977 to the Geneva Conventions of 12 August 1949 ICRC, Geneva, 17 October 1987, para. 2208

неколку посебни, но интегрирани напади.[24] Заради тоа, и покрај фактот дека

> „антиципираната воена предност мора да биде конкретна и директна, таа може да вклучува повеќе отколку само непосредната тактичка придобивка од нападот, гледано изолирано; може да биде пресметана и во светло на други поврзани акции и може да се јави во иднина.“[25]

Слично несогласување постои и во поглед на второто прашање – што претставува „несразмерна“ колатерална штета? Според коментарите на МКЦК на Протоколот, „несразмерна“, е онаа штета која предизвикува „екстензивна цивилна загуба или штета“[26] Дополнително, во коментарот само се дообјаснува дека идејата според која постоењето на голем број цивилни загуби и штета може да се оправдаат со воената предност која во случајот е од огромно значење,

> „е спротивна на фундаменталните правила на овој Протокол; особено е спротивна на членот 48... и со ставовите 1 и 2 на овој член 51. Протоколот не обезбедува никакви оправдувања за напади кои предизвикуваат екстензивни цивилни загуби и штети. Инцидентни загуби и штети не треба никогаш да бидат екстензивни.“[27]

Од друга страна, други автори, како, на пример, една независна група на експерти во соработка со Програмата за хуманитарни политики и истражување конфликти во рамки на Универзитетот Харвард, не се согласуваат со интерпретацијата на МКЦК дека екстензивна колатерална штета е забранета во сите случаи. Според нив,

> „фактот дека колатералната штета е екстензивна, не ја прави нужно и несразмерна. Концептот на несразмерност не е апсолутен. Несразмерноста секогаш се мери според воената предност која напаѓачот предвидува дека ќе ја оствари со нападот. Доколку антиципираната воена предност е маргинална, очекуваната штета не мора да биде суштинска за да биде несразмерна. Обратно, екстензивната колатерална штета може правно да се оправда со воената вредност на погодената цел, заради големата воена предност која се очекувала со нападот.“[28]

24 Judith Gardam, *Necessity, Proportionality and the Use of Force by States*, стр. 99.

25 I. Henderson, цитиран кај Jason D. Wright, *‘Excessive’ ambiguity: analyzing and refining the proportionality standard*, стр. 823.

26 Commentary on The Additional Protocols, para. 2208.

27 Judith Gardam, *Necessity, Proportionality and the Use of Force by States*, стр. 106, 107.

28 Commentary on the HPCR Manual on International Law Applicable to Air and Missile Warfare, цитирано кај Jason D. Wright, *‘Excessive’ ambiguity: analyzing and refining the proportionality standard*, стр. 838.

Дури и да се согласиме за една од интерпретациите на погорните прашања, останува нејасно и тоа кој и како ја врши проценката на погорните две прашања? Кој оценува кога штетата е несразмерна или воената предност конкретна и директна? Постои ли објективен начин да се одговорат овие прашања? Теоријата нуди три можни стандарди на проценка: субјективен, објективен и хибриден (субјективно – објективен) стандард на проценка.[29]

Според традиционалниот, субјективен пристап, оценката на несразмерноста, односно воената предност ја прави командирот кој треба да ја изврши задачата. Тој е оној кој располага со потребните податоци и кој треба да ја направи проценката на очекуваните цивилни жртви и штети и антиципираните воени предности. Притоа тој има маргина на проценка, но треба да делува во добра вера и да не ги извртува или замижува пред фактите.

Објективниот модел, се базира на евалуацијата на „разумниот командант", што тој би направил во оваа ситуација. Овој модел има мала поддршка во академската литература.

Кај хибридниот модел, проценката на очекуваните цивилни жртви и штети и антиципираните воени предности ја врши командирот кој е на задача, но заклучокот дали тоа е навистина така се базира на тоа што разумна личност би заклучила доколку би располагала со тие информации.[30]

### *Пропорционалноста и Операцијата „Заштитена граница"*

Погоре беа изложени само некои теоретски и концептуални потешкотии поврзани со принципот на пропорционалност. И покрај нив, принципот се применува во практика. Операцијата „Заштитена граница", но и однесувањето на Хамас, се предмет на обвинување за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право, како што се – недискриминативни, па дури и намерни бомбардирања од израелска страна на цивили и цивилни објекти[31], уништување на домовите на луѓе осомничени дека учествуваат во терористичи акции како

29 Ibid, стр. 839, 840.

30 Ibid.

31 *UNICEF: Israel deliberately killed 264 Palestinian children in Gaza*, достапно на https://www.middleeastmonitor.com/news/americas/13172-unicef-israel-deliberately-killed-264-palestinian-children-in-gaza;

колективна казна и одмазда, но и бомбардирање на училишта и болници.[32] Хамас пак, се обвинува за поставување на ракети во близина на или во самите цивилни објекти (училишта и болници)[33], за издавање наредби на цивилното население кое било предупредено за бомбардирање, да не ги напушта своите домови, за присилно формирање на „живи штитови", како и за издавање наредби за неселективно и недискриминативно лансирање ракети кон Израел.[34]

Што се однесува до принципот на пропорционалност поконкретно, како пример се наведуваат неколку акции од израелската армија кои делуваат особено спорни:[35]

- убиствата на фамилиите на претставниците на Хамас. На 20 јули, при ликвидацијата на претставникот на Хамас – Ахмад Сулиман Сахмоуд, загинале 25 цивили од фамилијата Абу Џаме, од кои 19 биле деца и 5 жени. Овој и слични напади (ал Батш, ал Касас, ал Наџир, и др.) во кои освен претставниците на Хамас загинале и нивните фамилии и многу други цивили се проблематични и од аспект на принципот на дистинкција помеѓу цивилни и воени цели, но и од аспект на принципот на пропоционалност – дали, под услов да биле легитимни, воената предност која е стекната со нападот на овие цели е сразмерна со жртвите и штетата кои настанале од нападите;

- континуираното бомбардирање на густо населени места. Поради густата населеност речиси во цела Газа, континуирано израелско бомбардирање беше причина некои населби да бидат целосно или делумно уништени (на пр., населбата Шуја`иа). Освен обвинувањата дека при нападите биле користени недискриминативни оружја – флечети, артилериски и тенковски оган, истите се проблематични и од аспект на принципот на пропорционалност;

- бомбардирањето на Ал-Акса болницата на 21 јули. Покрај 5-те загинати и 7-мината повредени, болницата (заедно со уште 17 други болници и 7 клиники) била целосно уништена, што го поставува прашањето за пропорционалноста

32 *DOCUMENT – Israel and the Occupied Palestinian territories: Israel/Gaza conflict, July 2014*, достапно на http://www.amnesty.org/en/library/asset/MDE15/017/2014/en/5b79b682-8d41-4751-9cbc-a0465f6433c3/mde150172014en.html; Бомбардирањето на Џабалија основното училиште на ОН на 30 јули е познат пример за ова. Училиштето, во кое биле сместени 3.300 внатрешно раселени лица кои биле претходно известени од израелските сили да ги напуштат своите домови, биле присутни во моментот на нападот. Од нив 15 загинале, а 100-тина биле повредени. Особено вчудоневидува фактот што според UNRWA, точните координати на училиштето ѝ биле соопштени на израелската армија во 17 наврати, а сепак истото било предмет на напад. Види повеќе во *Operation Protective Edge: Identifying IHL violations,* DIAKONIA, IHL Resource Centre, достапно на http://www.diakonia.se/en/IHL/News-List/operation-protective-edge-identifying-ihl-violations/

33 *UNRWA strongly condemns placement of rockets in schools*, достапно на http://www.unrwa.org/newsroom/press-releases/unrwa-strongly-condemns-placement-rockets-school

34 *EU strongly condemns indiscriminate Hamas rockets on Israel and use of Palestinian population as human shields, "terrorist groups in Gaza must disarm", calls for "immediate ceasefire",* достапно на http://ejpress.org/index.php?option=com_content&view=article&id=49892

35 *Operation Protective Edge: Identifying IHL violations,* DIAKONIA, IHL Resource Centre. Податоците кои следат се извадени од референцираниот текст.

на тој на напад, со оглед на употребата на тие болници за цивилни потреби, особено во услови на ограничен пристап до истите и на ограничен капацитет на медицински материјали какви што владеат во Газа;

- бомбардирањето и уништувањето на единствената електрична централа во Газа на 29 јули. Фактот дека според МХП електраната може да се третира како објект со двојно значење – цивилно и воено – кој треба да се проценува во секој индивидуален случај, по сè изгледа е недоволно оправдување во оваа ситуација, со оглед на тоа што станува збор за единствена централа која снабдува 1,8 милиони луѓе со електрична енергија, за која би биле потребни најмалку 12 месеци за да се поправи и во услови кога нема алтернативен извор за снабдување со енергија.

*Заклучок*

Како и во речиси сите инстанци кога има некој вооружен конфликт, и овој конфликт е полн со повреди на меѓународното хуманитарно право. Доколку се потврдат (некои од) погорните обвинувања, а постојат основани сомневања дека истите се вистинити, тоа значи дека се сторени воени злосторства и дека одговорните за истите ќе сносат кривична одговорност. Тоа важи подеднакво и за израелските и за претставниците на Хамас. Што се однесува до пропорционалноста поконкретно, истата треба се проценува поединечно, од случај во случај согласно изложените правила од Дополнителниот протокол I кои се сметаат за обичајно меѓународно право, и да се востанови дали се сторени повреди. Само вака сфатена, а не како сооднос на вкупниот број жртви и/или штета на едната наспроти другата страна, пропорционалноста е релевантна за меѓународното хуманитарно право. Засега, гледано од страна и без конкретна анализа во секој поединечен случај и судејќи само според огромниот број цивилни жртви (50 – 80 %) и огромната штета на цивилни објекти, се добива впечаток дека Израел има сторено сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право. Доколку при операциите е запазен принципот на дистинкција и не е употребувана сила недискриминативно, сепак останува под знак прашалник почитувањето на принципот на пропорционалност. Главното израелско објаснување за таргетирање на објекти како што се училишта и болници, е дека Хамас складира оружје во нив и истите ги користи за да изведува воени операции, а со тоа таквите објекти повеќе не ја уживаат заштитата која им ја пружа меѓународното хуманитарно право. Дури и да е ова точно, тоа не значи дека Израел е слободен во изборот на начинот и средствата со кои ги неутрализира тие цели. Дополнително, не е јасно, не е видливо дали конкретната и директна воена предност остварена со тие напади е сразмерна со причинетата штета. Особено проблематичен од аспект на несразмерната колатерална штета е високиот број цивили кои се загинати во насилствата. Израел ќе треба да

покаже дека воената предност во секој поединечен напад била поголема од жртвите и штетата настананата со истиот.

За да се утврдат сите овие евентуални повреди на меѓународното право и од двете страни, потребно е да се спроведе независна истрага. Токму таков чекор усвои Советот за човекови права на ОН на седницата одржана на 23 јули 2014 година, кога одлучи да се формира независна Комисја која ќе спроведе истрага.[36] Меѓутоа, Израел веднаш ја отфрли иницијативата на Советот и ја окарактеризира како пристрасна и во полза на Хамас.[37] Со оглед на тоа што засега нема договор за ново примирје, по сè изгледа дека ситуацијата ќе продолжи да се развива во надолна линија.

## Селектирана библиографија

1. *TEXT: Ceasefire Agreement between Israel and Palestine*, достапно на http://www.haaretz.com/news/diplomacy-defense/text-cease-fire-agreement-between-israel-and-hamas.premium-1.479653
2. *IDF blames Hamas for 'terror tunnel' from Gaza to Israel*, достапно на http://www.timesofisrael.com/hamas-terror-tunnel-found-running-from-gaza-to-israel/
3. *International community welcomes Palestinian unity government* достапно на http://www.jpost.com/Diplomacy-and-Politics/EU-says-open-to-working-with-Palestinian-unity-government-355252
4. *Palestinians form consensus government* достапно на http://www.aljazeera.com/news/middleeast/2014/06/palestinians-set-swear-unity-government-20146281348223961.html
5. *Abducted Israeli teens must be released, Israel must cease collective punishment of Palestinians*, достапно на http://www.amnesty.ie/news/public-statementabducted-israeli-teens-must-be-released-israel-must-cease-collective-punishment
6. *Six Jewish extremist arrested in killing of Jerusalem teen,* достапно на http://www.timesofisrael.com/suspects-arrested-in-killing-of-east-jerusalem-teen/
7. *It turns out Hamas might not have kidnapped and killed the 3 Israeli teens After All*, достапно на http://nymag.com/daily/intelligencer/2014/07/hamas-didnt-kidnap-the-israeli-teens-after-all.html
8. *Gaza by numbers: Death toll rises above 2000,* достапно на http://www.naharnet.com/stories/en/143762-gaza-by-numbers-death-toll-rises-above-2-000

36 *Human Rights Council establishes Independent, International Commission of Inquiry for the Occupied Palestinian Territory,* достапно на http://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=14897&LangID=E

37 *UN Human Rights Council launches inquiry into Gaza conflict*, достапно на http://time.com/3027716/israel-gaza-hamas-netanyahu-un-human-rights-council/

*9. Initial assessments: 360 factories damaged during Operation Protective Edge,* достапно на  http://gisha.org/updates/3350
*10. Water officials in Gaza: 40% of the population with no access to running water,* достапно на http://gisha.org/updates/3363
**11. Judith Gardam**, *Necessity, Proportionality and the Use of Force by States,* (Cambridge University Press, 2004)
**12. Jason D. Wright**, *'Excessive' ambiguity: analyzing and refining the proportionality standard,* International Review of the Red Cross, vol.94, no.886, summer 2012, стр. 826, достапно на http://www.icrc.org/eng/assets/files/review/2012/irrc-886-wright.pdf
**13. Marco Sassoli, Antoine A.Bouvier, Anne Quintin**, *How does Law Protect in War? Volume I- Outline of International Humanitarian Law,* (International Committee of the Red Cross, 2011;
14. Дополнителен Протокол I од 1977 година на Женевските конвенции од 1949 година;
15. Yoram Dinstein, *The Conduct of Hostilities Under the Law of International Armed Conflict* (Cambridge University Press, 2004);
*16.* Commentary on The Additional Protocols of 8 June 1977 to the Geneva Conventions of 12 August 1949 ICRC, Geneva, 1987;
*17. UNICEF: Israel deliberately killed 264 Palestinian children in Gaza*, достапно на https://www.middleeastmonitor.com/news/americas/13172-unicef-israel-deliberately-killed-264-palestinian-children-in-gaza
*18. DOCUMENT – Israel and the Occupied Palestinian territories: Israel/ Gaza conflict, July 2014*, достапно на http://www.amnesty.org/en/library/asset/MDE15/017/2014/en/5b79b682-8d41-4751-9cbc-a0465f6433c3/mde150172014en.html
*19. Operation Protective Edge: Identifying IHL violations,* DIAKONIA, IHL Resource Centre, достапно на http://www.diakonia.se/en/IHL/News-List/operation-protective-edge-identifying-ihl-violations/
*20. UNRWA strongly condemns placement of rockets in schools*, достапно на http://www.unrwa.org/newsroom/press-releases/unrwa-strongly-condemns-placement-rockets-school
*21. EU strongly condemns indiscriminate Hamas rockets on Israel and use of Palestinian population as human shields, "terrorist groups in Gaza must disarm", calls for "immediate ceasefire",* достапно на http://ejpress.org/index.php?option=com_content&view=article&id=49892
*22. Human Rights Council establishes Independent, International Commission of Inquiry for the Occupied Palestinian Territory,* достапно на http://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=14897&LangID=E
*23. UN Human Rights Council launches inquiry into Gaza conflict*, достапно на http://time.com/3027716/israel-gaza-hamas-netanyahu-un-human-rights-council/

## Summary

*The Israeli-Palestinian conflict is again at the centre of the world's attention. The launch of Operation "Protective Edge" by Israel in the Gaza strip brought a lot of questions and accusations of possible violations of international humanitarian law during its conduct. One of these accusations is the non-compliance with the principle of proportionality – in lots of cases, it appeared that the collateral damage from the attacks was excessive in relation to the concrete and direct military advantage that was gained. In this paper, the principle of proportionality is obscured from a theoretical, but also from the point of Operation "Protective Edge" and its possible violations during it.*